| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Историја на стариот Рим (задолжителен) | | | |
| 2. | Код | / | | | |
| 3. | Студиска програма | Археологија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за историја на уметноста и археологија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Трета година / шести семестар | | Број на ЕКТС- кредити | 6 |
| 8. | Наставник | проф. д-р Стефан Пановски | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): Предметот е посветен на историјата на стариот Рим, особено во периодот на републиката и принкипатот. Откако ќе се разгледа протоисторијата на апенинскиот полуостров и цивилизацијата на Етрурците, се минува на историјата на римската држава, чиј развоен пат се следи од времето кога претставува мало кралство во Латиј, преку Латинските, Самнитските и Пунските војни, излегувањето на Рим на политичката сцена на Средоземјето, ширењето кон исток и кон запад и неговиот развој до најголема воено-политичка сила во античко време. Првиот дел од семестарот завршува со кризата на републиката, убиството на Јулиј Кајсар, и причините за распадот на државниот систем систем. Во вториот дел се обработува времето на царството со посебна нагласка на владеењето на Октавијан, подоцна наречен Август, кој прв го обмислил системот што вообичаено го нарекуваме принкипат. Понатаму следи преглед на римските династии сè до Северите, при што особено внимание се посветува на развојот на државниот систем и општествено економските промени во I и II век н.е. На крајот се анализира кризата на III век, како и владеењето на Диоклецијан и Константин, чиј одговор на големата криза ќе бидат длабоки и коренити реформи што ќе доведат до суштествени и трајни промени во римската држава. На крајот, по кус преглед на владеењето на наследниците на Константин, се разгледува прашањето за причините за крајот на Империјата, особено во западниот дел. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: • Етничкиот мозаик на Апенинскиот полуостров: Етрурци, извори и куса историја; • Најстарата историја на Рим: кралското уредување и преминот во Република; • Процес на создавање на единствена држава на Апенинскиот Полуостров. Латински, самнитски и пунски војни; • Ширење на Римската Република кон Исток (Балканскиот полуостров, Мала Азија и Египет) и Запад (Келти и Германи); • Реформите на браќата Грах; • Гај Мариј, Сула и неговата диктатура; • Помпеј, Кајсар и Крас; • Од смртта на Јулиј Кајсар до битката кај Актиј; • Внатрешната политика на Август: државни договори и реформи во администрацијата; Надворешната политика на Август; • Династичката политика на Август и владеењето на Тибериј; Јулиевци-Клавдиевци; • Нерон и годината на четирите цареви; Флавиевци; • Антонини: надворешна и внатрешна политика; • Борби за престолот и времето на Северите; Воена анархија; • Владеењето на Диоклецијан и создавањето на тетрархијата; Од Константин I до Теодосиј I. | | | | | |
| 12. | Методи на учење: компаративен, критичко-аналитички | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 60 часови (3+1) + 120 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 45 часа | |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | 15 часа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 35 часа | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | 35 часа | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 50 часа | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |

<table>
<tr><td rowspan="3"></td><td>17.1.</td><td colspan="2">Тестови</td><td>Минимум 36, максимум 70 бодови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="2">Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна)</td><td>15 бодови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="2">Активност и учество</td><td>15 бодови</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>51 х до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>61 х до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и за полагање завршен испит</td><td colspan="2">нема</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">македонски</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">континуиран</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="12">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Н. Машкин</td><td>Историја на стариот Рим</td><td>Скопје: Зумпрес</td><td>1995</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>M. Crawford</td><td>The Roman Republic, 2nd</td><td>London: Fontana Press</td><td>1992</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>C. Wells</td><td>The Roman Empire, 2nd ed.</td><td>London: Fontana Press</td><td>1992</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>M. Cary & H. H. Scullard.</td><td>A History of Rome, 3rd ed.</td><td>London: Palgrave.</td><td>1975</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>N. S. Rosenstein & R. Morstein-Marx (eds.)</td><td>A companion to the Roman Republic</td><td>Malden: Blackwell</td><td>2006</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>P. Garnsey & R. Saller</td><td>The Roman Empire Economy, Society and Culture, 2nd ed.</td><td>London: Bloomsbury</td><td>2014</td></tr>
</table>